# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.124 од 23.07.2015 година**

### Член 1

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија‟ број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15 и 97/15), во член 38 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Покрај документите утврдени во ставот 2 на овој член во возилата мора да се наоѓа и евидентен лист за превоз на патници. Евидентниот лист за превоз на патници го води превозникот во три примероци за секој извршен меѓународен превоз на патници, го чува во рок 24 месеци и еден примерок задолжително се остава на Царинската управа на граничните премини на Република Македонија.

Формата и содржината на евидентниот лист за превоз на патници, податоците кои ги содржи, начинот на неговото чување и водење ги пропишува министерот за транспорт и врски.‟

### Член 2

Во членот 43 став 1 по зборовите: „на работници од дома до местото на работа и обратно,‟се додаваат зборовите: „на работници кои вршат сезонски работи од дома до местото на работа и обратно,‟.

По ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„По исклучок од ставот 5 на овој член за превоз на работници кои вршат сезонски работи од дома до местото на работа и обратно списокот на патници не е составен дел на договорот за извршување на превозот, но истиот задолжително се наоѓа во возилото при вршењето на превозот.‟

Ставовите 7, 8, 9 и 10 стануваат ставови 8, 9, 10 и 11.

### Член 3

Во член 44 по ставот 8 се додава нов став 9, кој гласи:

„По исклучок од ставот 8 на овој член дозволата за превоз на работници кои вршат сезонски работи се издава за период не подолг од три месеци.‟

Ставот 9 станува став 10.

### Член 4

Во членот 49 став 2 по зборовите: „патен налог во оригинал‟ се додаваат зборовите: „евидентен лист за превоз на патници".

### Член 5

Во членот 60 став 2 зборовите: „Министерството за транспорт и врски‟ се заменуваат со зборовите: „Државниот инспекторат за транспорт‟.

### Член 6

Во членот 68 став 2 во точката 2) зборовите: „Е3-Е5‟ се заменуваат со зборовите: „Е5- Е6‟.

### Член 7

Во членот 90-а став 1 зборовите: „членот 97 став 1 точки 4 и 6‟ се заменуваат со зборовите: „членот 96 став 1 точка 2-а, членот 97 став 1 точки 1, 3, 4, 11, 11-а, 13, 14, 15-а и 16, од членот 98 став 1 точки 2-а, 3, 7 и 15 и членот 99-а став 1 точка 10‟.

**Член 8**

Во членот 98 став 1 во точката 15 зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Државниот инспекторат за транспорт“.

**Член 9**

Во членот 99-а став 1 во точката 10 зборовите: „уредно пополнет“ се бришат.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.